името на слободата и борбите во Југославија, како и на О. Савиќ: Школа на хероите, објавени во „Комсомолска Правда“. Во продолжение, дадени се прилозите на капетанот Орест Шверцов: Слободољубивата младина, на Стојан Милетиќ: Вториот конгрес на Антифашистичката младина на Југославија, објавен во „Правда“. Под знакот на единство и децата на нашата земја, се два прилози на Никола П. објавени во „Комсомолска правда“, како и прилогот на А. Шатилов: Херојската армија на Југословенскиот народ, во „Труд“ и на Бор. Аборин: На ослободената земја на Југославија, во „Учителска газета“.

Рамо до рамо е прилогот на А. Калинин, по кое веднаш следи: Нашето братство е нераскинливо, со кое словенечката младина го поздравува одржувањето на Првиот конгрес на Антифашистичката младина на Србија од 1944 година, надополнето со поголемиот прилог на Велимир Влаховиќ: Конгрес на Антифашистичката младина на Србија, објавен во „Комсомолска правда“, за на крајот да отстапи простор на разговорот на дописникот на „Комсомолска прав да“ со маршалот на Југославија Јосип Броз Тито, под наслов: Младите патриоти на демократска Југославија, со што авторот го комплетира и завршува Вториот дел од трудот.

На крајот треба да подвлечеме дека излегувањето од печат на трудот на д-р Растислав Терзиоски пополнува една празнина во југословенската историографија, за која поодамна се чувствувало потреба. Трудот проблемски разработува мошне интересни моменти, кои оставаат широк простор и за нови натамошни дополнувања и проучувања кај другите научни работници. Ова дотолку повеќе што кај нас малку е ползувана и користена овој вид на граѓа од Советскиот Сојуз, кој по своето значење е од голема важност.

Ѓорѓи МАЛКОВСКИ

## Д-р Растислав Терзиоски, ФАШИСТИЧКА БУГАРИЈА ВО СОВЕТСКИОТ ПЕЧАТ (1941—1944), „Наша книга“, Скопје, 1983

Издавачката работна организација „Наша книга“ од Скопје, која од година во година бележи се поголеми нови успеси и во областа на издавачката историографска дејност, пред извесно време ја објави публикацијата под горниот наслов, што ја подготви д-р Растислав Терзиоски, научен советник во Институтот за национална историја во Скопје.

Споменатава прилично обемна книга (на 283 страници) претставува всушност трета книга на овој наш познат македонски историчар во која се третира насловната проблематика. Имено, тој во соработка со Давид Атлагиќ, во текот на 1981 година преку здружените издавачи: Комунист, Култура, Македонска книга, Мисла и Наша книга, ја подготви за печат книгата: Вељко Влаховиќ, Борбата за слободна Југославија, одбрани дела II, а во 1982 година и публикацијата: Советскиот печат — сведоштво за беспримерната храброст на младината на Југославија 1941—1945, во издание на НИО „Студентски збор“, Скопје. Сите овие три

труда претставуваат дел од програмата на Одделението за најнова историја при Институтот за национална историја во врска со истражувањето и обработувањето на оваа доста значајна проблематика од Втората светска војна.

Во својата последна публикација „Фашистичка Бугарија во советскиот печат", д-р Растислав Терзиоски ни презентира поголем број на журналистичко-публицистички материјали, одбрани од советскиот печат за време на Втората светска војна при што посебно се користени публикуваните статии и други прилози (делови од статии, коментари, агенциски информации и сл.) во централните советски весници — „Правда", „Известија" и „Краснаја звезда". Исто така во публикацијата се поместени и неколку документарни материјали од повеќе дипломатски претставници на СССР а кои се од значење за расветлување на оваа проблематика.

Изложените материјали од советскиот печат (вкупно 198 прилози) за местото и улогата на фашистичка Бугарија го опфаќаат периодот од март 1941 година до крајот на Втората светска војна. Истиве се изнесени по еден хронолошки ред, според деновите, месеците и годините на објавувањето. Тоа е всушност првиот дел на книгата. Во вториот дел на книгата се отпечатени 19 документи од дипломатски карактер, а во последниот, третиот дел, има неколку факсимили, потоа преглед на користените извори и регистар на личните и географските поими.

Публикуваните статии и друг вид материјали во наведениов труд пред се недвосмислено го потврдуваат непобитниот факт дека Царска Бугарија беше тесно идејно поврзана со најреакционерните кругови на двете најголеми европски фашистички држави — Германија и Италија, кои поради нејзиното приклучување кон овие агресивни земји и поради пропуштањето на својата територија за премин на германските војски за напад на Југославија и Грција и дозволија да заграби поголеми територии од Југославија и Грција. Како резултат на тоа Борисова Бугарија стана основен сојузник на Хитлеров жандарм на Балканот. Во името на ветувањето дека во „нова Европа" таа за секогаш ќе ги оствари великобугарските претензии на Балканот спрема Македонија и Југоисточна Србија, Царска Бугарија посебно се ангажира во борбата против НОВ и Револуцијата на народите и народностите на Југославија и против антифашистичката војна на грчкиот народ.

И не само тоа. Од избраниве материјали на советскиот печат сосема децидно се гледа дека фашистичка Бугарија станала значаен плацдарн за нападот и војната на Германија на СССР и заштитник на турската граница. Истовремено, таа се претвори во директен учесник во војната против Велика Британија и САД, па и во војната против СССР, иако со последнава одржуваше формални дипломатски односи непосредно сè до септемвриските настани од 1944 година.

Во време кога сè уште богатите изворни архивски материјали од прва рака, поради разни причини, се наоѓаат под ембарго за користење од страна на научните работници од областа на историската наука, изложениве материјали за

фашистичка Бугарија во советскиот печат за време на Втората светска војна, собрани и систематизирани во оваа публикација од страна на д-р Растислав Терзиоски, кој подолго време работи врз истражувањето и обработувањето на материјали од оваа проблематика, недвосмислено нè упатуваат на еден општ заклучок за вистинското место и улога на фашистичка Бугарија за време на Втората светска војна. Имено, нејзините владеачки кругови на чело со царот Борис ја вовлекле оваа земја во војна против антифашистичките сили, загазувајќи со тоа длабоко во воените злосторства спрема народите на Југославија и Грција а посебно спрема српскиот, македонскиот и грчкиот народ. Од презентираниве материјали сосема отворено се гледа и нивната цел дека со таквата политика мечтаеле да се остварат великобугарските претензии на бугарската буржоазија во лицето на една голема Бугарија. Оваа публикација претставува значаен придонес во нашата историографија бидејќи објавените прилози даваат можност за отстранување на некои напластени невистини, посебно во Народна Република Бугарија, каде отворено се фалсификуваат вистинското место и улогата на фашистичка Цар -Борисова Бугарија за време на Втората светска војна.

Владимир КАРТОВ

## Д-Р ВЕРА ВЕСКОВИЌ-ВАНГЕЛИ, ЖЕНАТА ВО РЕВОЛУЦИЈАТА ВО МАКЕДОНИЈА 1941—1945, СКОПЈЕ, 1982.

Во крајот на 1982 година излезе од печат трудот на д-р Вера Весковиќ-Вангели со наслов: „Жената во револуцијата во Македонија 1941—1945“ во издание на Институтот за национална историја Скопје и на Заводот за унапредување на стопанството на СР Македонија — Скопје.

Студијата по својата сеопфатност и димензии за учеството на жената во НО војна и револуцијата во историографијата на Македонија па и на Југославија би можела да се вброи меѓу првите од таков вид. Таа е настаната врз база на повеќегодишни сеопфатни истражувања во архивските институции во Републиката и во другите архивски центри на Југославија. Евидентно е дека максимално е користена постојната литература за Народноослободителната војна и револуцијата во Македонија и пошироко на Југославија. Недостатокот на архивски извори по одделни проблеми е надополнет со критичко користење на мемоарската литература и со директни анкетирања на непосредните актери во настаните.

Композицијата на трудот за авторот секако претставува еден од најтешките проблеми. Тоа е причината што В. Весковиќ-Вангели морала да води сметка да ја расветли улогата и придонесот на жената во Ослободителната војна и револуцијата, а при тоа, од целината, да се издвои делот што ѝ припаѓа на ж,ената. Затоа, треба да се одбележи фактот дека д-р Вангели успеала материјата во трудот така композициски да ја